Врз основа на член 112 од Законот за високо образование („Службен Весник на РМ“ бр. 82/18) и одредбите од Статутот на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, Наставничкиот совет на седница одржана на 23.01.2019 година го усвои следниов

# П Р А В И Л Н И К
## за дисциплинска постапка

### ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредува начинот на поведување и водење на дисциплинска постапка и изрекување на дисциплинска мерка на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје (во понатамошниот текст ФБЕ).

**Член 2**

За повреда на должностите или постапување спротивно на стандардите и правилата утврдени со закон, Статутот на ФБЕ, овој Правилник или општите акти на ФБЕ, против студентот може да биде поведена дисциплинска постапка.

**Член 3**

Постапката за дисциплинска одговорност се спроведува врз основа на начелото на праведност и сослушување од страна на дисциплинска комисија.

Повреда на должностите и неисполнување на обврските на студентите претставува повреда на закон, Статутот на ФБЕ, овој Правилник или друг акт на ФБЕ, со кои се регулираат правата и обврските на студентите.

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските на студентот може да му се изрече дисциплинска мерка.

**ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕКРШОЦИ**

**Член 4**

Дисциплински прекршок е дејствие кое претставува повреда на обврските кои произлегуваат од статусот студент и кое е сторено со намера или од крајно невнимание.

**Член 5**

Дисциплинските прекршоци се категоризирани како полесни или потешки.

**Член 6**

Полесни дисциплински прекршоци се:

- кршење на редот на предавања, вежби, испити и други облици на настава, кое не е предвидено како тежок дисциплински прекршок;
- навредување на останатите студенти на ФБЕ;
- непридржување на прописите за заштита при работата.

**Член 7**

Потешки дисциплински прекршоци се:

- користење недозволени средства на испит и полагање испит спротивно на утврдените правила за студирање;
- полагање на испит за друго лице;
- преправање и впишување податоци во јавна исправа која ја издава ФБЕ или нејзино користење;
- преправање или допишување податоци во евиденцијата која ја води ФБЕ или нејзино користење;
- кражба на имот на ФБЕ или имот на вработените и студентите;
- предизвикување тепачка или учествување во тепачка во просториите или во дворот на ФБЕ, како и предизвикување нереди на овие места;
- ширење национална, верска, расна или друг вид нетрпеливост;
- намерно загрозување на безбедноста со непридржување на прописите за заштита при работата;
- нанесување навреда на наставниците, соработниците и на другите вработени, како и на гостите на ФБЕ;

- доаѓање на студентот на настава, вежби или на полагање испити или колоквиуми во алкохолизирана состојба или под дејство на опојни дроги;
- наведување на користење алкохол или опојни дроги или давање или помагање во користење алкохол или опојни дроги или користење на истите во просториите на ФБЕ;
- партиско и верско организирање и дејствување во просториите на ФБЕ;
- насилно попречување на наставата на ФБЕ;
- неовластено користење на технички средства во лабораториите и во другите простории на ФБЕ;
- намерно или со крајно невнимание нанесување материјална штета на средствата на ФБЕ, доколку штетата надминува парична вредност од 6.000 денари;
- три изречени опомени или два укори за дисциплински прекршоци направени во текот на дотогашното студирање.

## ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

### Член 8

На сторителот на дисциплински прекршок може да му се изречат следните дисциплински мерки:

- опомена;
- јавна опомена;
- исклучување од ФБЕ за учебната година во која е изречена;

Опомена и јавна опомена се изрекуваат на сторителот за полесен дисциплински прекршок, а исклучување од ФБЕ се изрекува во случај на сторен потежок дисциплински прекршок.

### Член 9

Исклучувањето од ФБЕ не може да биде пократко од 15 наставни недели ниту подолго од 30 наставни недели.

Исклучувањето од претходниот став започнува првиот работен ден на наставната недела која следува по донесувањето на конечната одлука за изрекување на оваа дисциплинска мерка.

За времетраењето на дисциплинската мерка од став 1 од овој член, на студентот му мирува статусот на ФБЕ.

**Член 10**

Две изречени јавни опомени за дисциплински прекршоци направени во текот на дотогашното студирање, повлекуваат при следниот тежок дисциплински прекршок, дисциплинска мерка исклучување од ФБЕ за учебната година во која е изречена.

**Член 11**

При изрекувањето на дисциплинските мерки во предвид се земаат и олеснителните и отежувачките околности, а особено:

- тежината на прекршокот и последиците од истиот;
- степенот на одговорност на студентот;
- условите под кои е направен прекршокот;
- претходното однесување на студентот;
- однесувањето на студентот во текот на постапката;
- ставот на оштетениот;
- други релевантни околности.

## ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА

**Член 12**

Дисциплинските мерки ги изрекува Дисциплинска комисија на ФБЕ.

Дисциплинската комисија е составена од три члена. Членовите на дисциплинската комисија ги избира Наставничкиот совет.

Претседателот на Комисијата е од редот на наставниците, еден член е од редот на стручната и административна служба, а еден член е претставник на студентите избран од Студентското собрание.

Членовите имаат свои заменици. Нивниот избор го врши Наставничкиот совет.

Мандатот на претставникот на студентите трае 1 година.

## ПОВЕДУВАЊЕ И ТЕК НА ДИСЦИПЛИНСКАТА ПОСТАПКА

**Член 13**

Дисциплинска пријава против студент на ФБЕ може да поднесе наставник, лице вработено на ФБЕ, студент или друго заинтересирано лице.

Писменото барање се предава во архивата на ФБЕ, и тоа преку Директорот, се доставува до дисциплинската комисија.

Во дисциплинската пријава мора да се назначат:

- име и презиме на подносителот на пријавата;
- податоци за студентот/сторителот на дисциплинската повреда;
- време, место и начин на извршување на дисциплинската повреда,
- податоци за штетата ако таа настанала;
- опис на настанот;
- докази за утврдување одговорност и
- потпис на подносителот.

**Член 14**

Пријавата се поднесува во писмена форма, непосредно, со редовна или електронска пошта.

Пријава поднесена преку електронска пошта мора да е потврдена со своерачен потпис на подносителот најдоцна седум дена од денот на поднесувањето.

**Член 15**

Пред да донесе одлука за понатамошното постапување во врска со дисциплинска пријава, Директорот ќе побара писмена изјава од студентот во врска со пријавениот дисциплински прекршок.

**Член 16**

Директорот со решение ќе ја отфрли дисциплинската пријава ако утврди дека:

- повредата не претставува дисциплински прекршок согласно овој Правилник;
- настапила застареност за водење дисциплинска постапка, односно барањето е поднесено три месеци по спорниот настан, односно еден месец по сознанието за истиот.

**Член 17**

Ако Директорот смета дека наводите во дисциплинската пријава имаат основа за водење дисциплинска постапка, ќе поднесе барање за покренување дисциплинска постапка.

Барањето за покренување дисциплинска постапка се доставува до дисциплинската комисија, во рок од 48 часа од приемот на дисциплинската пријава.

Барањето за покренување дисциплинска постапка содржи:

- име и презиме на студентот против кој се покренува постапката;
- опис на дисциплинската повреда и одредбата од Статутот и Правилникот во која истата е предвидена;
- околностите од кои произлегува основаноста на сомнежот дека студентот направил дисциплински прекршок;
- докази.

**Член 18**

Врз основа на писменото барање за поведување на постапката, Комисијата донесува решение за поведување дисциплинска постапка.

Решението од став 1 на овој член се доставува до:

- подносителот на барањето за поведување на постапката;
- лицето против кое се поведува дисциплинската постапка.

**Член 19**

Пред изрекување на дисциплинската мерка, студентот ќе биде сослушан во врска со настанот од страна на Комисијата. Студентот се известува усно или со покана на адресата што студентот ја пријавил како домашна во неговото досие. Доколку студентот не се појави пред дисциплинската комисија и не го оправда отсуството, Комисијата ќе донесе соодветна одлука врз основа на достапниот доказен материјал.

Доколку студентот поднел писмена изјава преку архивата на ФБЕ до дисциплинската комисија, таа цени дали неговото повикување е неопходно.

Дисциплинската комисија за постапувањето по секој предмет води записник кој го потпишуваат нејзините членови.

**Член 20**

Дисциплинската комисија со решение може да донесе една од следниве одлуки:

- отфрлање на барањето за поведување на постапката поради застареност;
- одбивање на барањето поради недоволно докази за сторена дисциплинска повреда или
- изрекување дисциплинска мерка.

**Член 21**

Донесеното решение за изрекување дисциплинска мерка се доставува до:

- подносителот на барањето;
- студентот;
- архивата;
- службата за студентски прашања.

Диспозитивот на решението за изрекување дисциплинска мерка се истакнува на огласната табла на ФБЕ за соодветната година и се впишува во досието на студентот и во Регистарот на изречени дисциплински мерки кој го води Службата за студентски прашања.

**Член 22**

Против одлуката на дисциплинската комисија, студентот може да поднесе приговор до Наставничкиот совет како второстепен дисциплински орган, во рок од 8 дена од денот на прием на решението за изрекување на дисциплинската мерка.

**Член 23**

Наставничкиот совет го разгледува приговорот на првата седница по поднесување на приговорот и може да донесе одлука со која:

- го потврдува решението за изрекување дисциплинска мерка донесено од дисциплинската комисија;
- го отфрла приговорот како недозволен или ненавремен;
- го прифаќа приговорот како основан и го преиначува диспозитивот на решението за изрекување дисциплинска мерка.

## РЕГИСТАР НА ИЗРЕЧЕНИ ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

**Член 24**

Службата за студентски прашања води Регистар на изречени дисциплински мерки. Пред донесувањето на одлуката, комисијата задолжително треба да побара од службата за студентски прашања податок за претходно изречени дисциплински мерки за истиот студент.

## ЗАСТАРУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКАТА ОДГОВОРНОСТ

**Член 25**

Покренувањето и водењето на дисциплинската постапка застарува во рок од 3 месеци од сторувањето, односно 1 месец од дознавањето за сторената дисциплинска повреда.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Наставничкиот совет на ФБЕ.

**Член 27**

Со стапувањето во сила на овој Правилник, престануваат да важат одредбите од Правилникот за дисциплинска одговорност на студентите на ПВУ-ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА“ со арх. бр. 02-24/1 од 16.02.2012 година.

**Член 28**

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување.

Директор,
д-р Биљана Ѓозинска, с.р.